Архивски број: 08-143/6
12-03-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-143/1 од 27.1.2025 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Битола, против [redacted] вработен во Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, за сторена дискриминација врз основа на пол, личен или општествен статус, семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на работата и работните односи и членувањето во синдикат, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 6.3.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол, личен или општествен статус, семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на работата и работните односи и членувањето во синдикат од страна на [redacted] врз подносителката [redacted]

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-143/1 од 27.1.2025 година од страна на подносителката [redacted] од Битола врз основа на пол, личен или општествен статус, семејна или брачна состојба и здравствена состојба во областа на работата и работните односи и членувањето во синдикат, а против [redacted] вработен во Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола (понатаму „**ЈППЈЛП Битола**").

Подносителката на претставката наведува дека на ден 18.9.2024 година по разговор со в.д. директорот на претпријатието за користење на пет работни дена од годишниот одмор поради здравствени причини, била упатена да се обрати кај одговорното лице [redacted] Подносителката го информирала именуваниот дека имала потреба да оди на преглед во приватна здравствена установа. Тој ѝ укажал дека било потребно да се поднесе Барање за користење на денови од годишен одмор. Понатаму, подносителката наведува дека на ден 20.9.2024 година од страна на вработениот [redacted] по телефонски пат била информирана дека Барањето нема да ѝ биде одобрено поради тоа што се сомневал во наведените причини и побарал да биде доставен лекарски наод. Подносителката наведува дека и покрај тоа што лекарскиот наод бил доставен, Барањето повторно не ѝ било одобрено со усно образложение дека лажела и лекарскиот наод требало да биде поопширно образложен. Во таа смисла, подносителката тврди дека вработениот [redacted] сметал дека таа сакала да замине на одмор, па затоа ќе провереле дали ќе ја напуштела државата. Дополнително, таа наведува дека кон неа биле упатени навредливи зборови. Подносителката побарала да ѝ биде доставено писмено образложение за причините поради кои не ѝ било одобрено Барањето. До денот на поднесувањето на претставката, таа наведува дека истото не ѝ било доставено. Во продолжение, подносителката наведува дека на ден 19.12.2024 година поднела Барање за користење на седум дена од платен одмор согласно


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Правилникот за работно време, паузи, одмори и отсуства од работа на ЈППЈЛП Битола, со арх.бр. 04-14/934. Подносителката потенцира дека согласно Колективниот договор, работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности по сите наведени основи до седум работни дена во текот на календарската година. Од причина што Барањето не ѝ било одобрено од страна на вработениот [redacted], подносителката го поднела истото барање за користење на седум дена од годишен одмор, заведено под истиот арх.бр. 04-14/934-1, до в.д. директорот на претпријатието. Подносителката наведува дека до ден 26.12.2024 сè уште немала добиено одговор и поднела Барање за користење на 2 дена од годишен одмор, со арх.бр. 04-14/940, до в.д. директорот на претпријатието. На ден 31.12.2024 година, подносителката добила Одговор од страна на работодавачот, со арх.бр. 04-14/934-2, со што ѝ било одбиено Барањето со образложение дека претпријатието имало зголемен обем на работа поради „Зимска приказна" која била организирана од страна на Општина Битола. Подносителката тврди дека таа воопшто не била ни вклучена во работниот процес на „Зимска приказна". Дополнително на ова, подносителката ја информира Комисијата дека вработените во претпријатието биле запознаени со фактот дека таа е самохрана мајка и дека во истиот период во кој барала слободни денови, други вработени користеле денови од годишен одмор. Во таа насока, подносителката наведува дека по устен пат ги информирала лицата дека слободните денови ѝ биле потребни за подготовка за имениден на нејзиниот син. На крајот на претставката, подносителката наведува дека од страна на вработениот [redacted] кон неа биле упатувани омаловажувачки зборови, озборувања и потсмев пред другите вработени.

<u>Во прилог на претставката беше доставена следната документација:</u>

1. Барање за користење на седум дена од платен одмор согласно Правилникот за работно време, паузи, одмори и отсуства од работа на ЈППЈЛП Битола со арх.бр. 04-14/934 од 19.12.2024 година
2. Барање за користење на годишен одмор со арх.бр. 04-14/934-1 од 23.12.2024 година
3. Барање со арх.бр. 04-14/940 од 26.12.2024
4. Барање со арх.бр. 04-203/1 од 20.9.2024 година
5. Барање со арх.бр. 04-203/2 од 23.9.2024 година
6. Барање со арх.бр. 04-203/3 од 23.9.2024 година
7. Одговор на Барање, со арх.бр. 04-14/934-2 од 31.12.2024 година од ЈППЈЛП Битола
8. Известување од Независен синдикат при ЈППЈЛП Битола
9. Лекарски извештаи

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 30.1.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до [redacted] односно до седиштето на работодавачот ЈППЈЛП Битола, заведено под архивски број 08-143/2.

На ден 13.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката, од страна на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, заведено под архивски број 08-143/3.

Од страна на работодавачот е наведено дека подносителката [redacted] на ден 19.7.2024 година поднела Барање за користење на годишен одмор во времетраење од 11 дена, поточно од ден 1.8.2024 година до 16.8.2024 година. Од страна на работодавачот на ден 19.7.2024 година било донесено Решение за користење на годишен одмор, заведено под арх.бр. 04-14/293-1, со кое било одобрено Барањето.

**Во продолжение, во врска со второто Барање**, наведено е дека на ден 18.9.2024 година подносителката поднела Барање за користење на денови од годишен одмор во времетраење од 5 дена, поточно од ден 23.9.2024 година до ден 27.9.2024 година. Од причина што согласно планот за работа на ЈППЈЛП Битола, периодот во кој вработената [redacted] имала поднесено Барање, други вработени користеле годишни одмори, како и поради зголемен обем на работа, истото било одбиено. Од страна на работодавачот е потенцирано дека подносителката на ден 19.8.2024 година се вратила на работа после користење на годишен одмор. Во таа насока, наведено е дека во врска со второто Барање, подносителката го информирала вработениот [redacted] дека слободните денови ѝ биле потребни за медицински третман во приватна здравствена установа и доставила лекарски извештај од матичен гинеколог. Од страна на именуваниот како одговорно лице, на подносителката ѝ било укажано дека за медицински третмани се користат денови од боледување, а не од годишен одмор. Во таа смисла, ѝ била укажано дека злоупотреба на боледувањето е основ за отказ без отказен рок. На ден 20.9.2024 година подносителката до работодавачот доставила медицински извештај од [redacted] од Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" во Битола, со кое користи боледување со почеток од ден 20.9.2024 година до ден 4.10.2024 година. Истиот ден, вработената доставила Барање, заведено под арх. бр. 04-203/1 со кое барала писмено да биде известена за деновите од годишен одмор. Се наведува дека од страна на работодавачот ѝ било укажано дека е потребно да биде доставено потврда од приватна здравствена установа каде имала закажано преглед. Притоа, од страна на работодавачот е наведено дека подносителката доставила извештај од матичен гинеколог во кој не бил наведен датум и време на закажан преглед во приватна здравствена установа. Понатаму, наведено е дека на ден 23.9.2024 година вработената поднела Барање за издавање повредни листи, заведено под арх.бр. 04-203/2 и Барање за прием кај раководителот на ЈППЈЛП Битола, заведено под арх.р. 04-203/3, поради укажување на состојбите и психолошкиот притисок на работното место.

**Во врска со третото Барање**, се наведува дека истото се однесувало на користење 7 дена од годишен одмор, поточно од ден 30.12.2024 година до ден 10.1.2025 година. Истото било одбиено од страна на работодавачот со образложение дека од ден 20.12.2024 претпријатието започнало со користење и работа со лизгалиштето и од таа причина поголемиот број на вработени биле вклучени во работниот процес, како и поради потребите на „Зимска приказна", која била дел од новогодишната програма на Општина Битола во периодот од 20.12.2024 година до 6.1.2025 година. Вработената била замолена да достави повторно Барање за користење на годишен одмор во текот на следниот месец, поточно после 15-ти Јануари.

<u>Во прилог на Произнесувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Барање за користење на годишен одмор со арх.бр. 04-14/293 од 19.07.2024
2. Решение за користење на годишен одмор со арх.бр. 04-14/239-1 од 19.07.2024
3. Барање за користење на годишен одмор со арх.бр. 04-14/351 од 18.09.2024
4. Барање со арх.бр. 04-203/1 од 20.09.2024
5. Лекарски извештај од матичен гинеколог од 20.09.2024
6. Барање за издавање на повредни листи заведено под архивски број 04-203/2 од 23.09.2024 година
7. Медицински извештај од [redacted] од Клиничка болница „д-р Трифун Пановски"
8. Барање со арх.бр. 04-203/3 од 23.09.2024
9. Барање за користење на годишен одмор со арх.бр. 04-14/934 од 19.12.2024
10. Барање со арх.бр. 04-14/934-1 од 23.12.2024
11. Барање со арх.бр. број 04-14/940 од 26.12.2024
12. Одговор на Барање со арх.бр. 04-14/934-2 од 31.12.2024 година


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Заради целосен увид во фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.2.2025 година по електронски пат на електронската пошта на Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола испрати Барање за доставување на информации заведено под архивски број 08-143/4. Од страна на Комисијата беше побарано да бидат доставени информации колку и кои вработени користеле годишен одмор во периодот од 23.9.2024 година до 27.9.2024 година, како и колкав е вкупниот број на вработени во претпријатието. Во одговор на Барањето од страна на ЈППЈЛП Битола беше наведено дека вкупниот број на вработени во претпријатието изнесува 61, од кои 28 вработени биле контролори на паркирање, вклучувајќи ја и вработената [redacted].
Во периодот од 23.9.2024 година до 27.9.2024 година, годишен одмор користеле 5 вработени контролори на паркирање. Од причина што од страна на ЈППЈЛП Битола не беа доставени Решенијата за годишни одмори од кои би можело да се потврдат тврдењата, Комисијата побара истите да бидат доставени. На ден 26.2.2025 година, решенијата беа доставени на електронската пошта на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на [redacted] врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминациј**а кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

**Имајќи ги предвид претходно цитираните членови и утврдената фактичка состојба, во конкретниот случај Комисијата не најде дека фактот што на подносителката не ѝ биле одобрени Барањата за користење на годишен одмор се засноваат врз пол, личен или општествен статус, семејна или брачна состојба и здравствена состојба како нејзини заштитни карактеристики. Имено, подносителката не стори веројатно дека постои каузална врска помеѓу нејзините заштитни карактеристики и наводниот третман. За да постои дискриминација, потребно е со подносителката да било постапено различно во однос на другите вреаботени врз дискриминаторска основа. Во таа смисла, имајќи предвид дека подносителката користела годишен одмор од 11 дена во периодот од 1.8.2024 година до 16.8.2024 година, а други вработени користеле годишен одмор во периодот од 23.9.2024 година до 27.9.2024 година кога подносителката доставила повторно Барање за користење на годишен одмор. Согласно член 141 став 3 од Законот**



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**за работните односи работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година. Дополнително на ова, Комисијата не утврди дека одбивањето на користењето на годишниот одмор на подносителката во периодот кога имало потреба од вклучување на поголем број вработени како дел од „Зимска приказна" која ја организирала Општина Битола се заснова врз заштитна карактеристика. Имено, согласно член 144 став 1 од ЗРО работодавачот има право да го организира годишниот одмор во согласност со потребите на работниот процес. Оттука, одлуката за одбивање на Барањата на подносителката не претставува дискриминација согласно горецитираниот член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-